EAST GATE

Друштво за управување и подигнување ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-31/185
09.05 2025 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА

## ЗА ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЕНЕРГИЈА

**Со оваа Политика раководството на Еаст Гате Малл дооел Скопје демонстрира посветеност за управување со компанијата во строго дефиниран и контролиран систем за управување кој го обезбедува следното:**

- Задоволување и надминување на потребите и очекувањата на нашите клиенти и другите заинтересирани страни.
- Обезбедување на безбедноста и здравјето на нашите вработени, како и на сите надворешни соработници, закупци и посетители.
- Заштита на животната средина.
- Контрола и подобрување на енергетската ефикасност, употребата и потрошувачката на енергија и останати ресурси.
- Усогласување со применливата законска регулатива.
- Ефикасно надгледување и мерење на перформансите.
- Постојано подобрување и извонредност во процесите.

**Гарантираме дека нашите услуги се планирани и изведени на стандардизиран и контролиран начин следејќи ги дефинираните процедури согласно нашиот систем за управување кој ги интегрира барањата на стандардите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 50001:2018, и ISO 45001:2018.**

Нашите цели се следниве:

**Квалитет**

- Обезбедување на висок квалитет на услуги за нашите закупци и посетители.
- Поддршка на растот на бизнисот на нашите закупци преку обезбедување на квалитетна инфраструктура и добро организирани маркетиншки активности.
- Обезбедување на безбедна и пријатна атмосфера за посетителите во трговскиот центар.
- Подобрување на оперативните процедури на трговскиот центар со цел обезбедување на непречена и добро организирана средина за работа на закупците и престој на посетителите.
- Зголемување на нивото на задоволство на закупците и посетителите.
- Намалување на бројот на поплаки и несоодветни услуги.
- Подобрување на опремата и техничките ресурси.
- Обука и развој на нашиот персонал.

**Животна Средина**

- Фокус на докажани технологии и оперативни пракси за заштита на животната средина.
- Оптимизација на ресурсите за постигнување на одржлив развој.
- Подобрување на нашите услуги преку проактивно управување со животната средина.
- Паметно управување со фосилните горива, потрошувачката на вода и контролата на загадувањето од еколошка и финансиска перспектива.
- Подигање на свесноста за животната средина на своите вработени, контрактори и закупци за време на нивните активности и однесување.

**Генерален Директор**
**Игор Давков**______________________
**Датум: 05.05.2025**

**EGM-MN-QSE-03.rev1**

ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ СКОПЈЕ

Друштво за управување со недвижен имот ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-31/185
09.05 2025 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА

## ЗА ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЕНЕРГИЈА

- Зголемување на процентот на рециклиран отпад и изнаоѓање начини за намалување на генерираниот отпад.
- Превземање мерки за елиминирање или замена на опасните материи по животната средина.
- Селекција и евалуација на добавувачи и контрактори според нивната посветеност за заштита на животната средина.

**Енергија**

- Обезбедување на соодветни обуки за персоналот, особено на оние кои можат значително да влијаат врз енергетската перформанса на компанијата.
- Поддршка на вработените преку учество и консултации за подобрување на енергетската перформанса на компанијата.
- Одржување на објектите и опремата на начин на кој истите секогаш ќе бидат спремни за употреба и ќе овозможат добра енергетска перформанса.
- Набавка на енергетски ефикасни производи и услуги преку правилна селекција и евалуација на компаниите и нивната енергетска перформанса.
- Воспоставување на ефективна комуникација и соработка со надворешни страни со цел нивно запознавање со нашите очекувања поврзани со енергетската перформанса.
- Одржување на извонредност во енергетската перформанса на компанијата.

**Безбедност и Здравје при Работа**

- Обезбедување на ресурси за избор, дизајн и изведба на објекти и опрема на безбеден начин.
- Обезбедување на обука за сите вработени и надворешни соработници со цел усогласување со процедурите за безбедност и здравје на компанијата.
- Организирање на формални состаноци за предлагање нови иницијативи и предлози поврзани со безбедноста и здравјето при работа.
- Следење на работните активности на вработените и контракторите заради обезбедување усогласеност со процедурите за безбедност и здравје на компанијата.
- Подготвување на процедури за справување со итни ситуации и тестирање на нивната ефективност.
- Обезбедување на систем за пријавување, известување и истрага на инциденти и реализација на предложените корективни мерки за спречување на повторна појава на ист или сличен инцидент.
- Охрабрување на учеството и консултацијата со вработените за прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа.
- Охрабрување на вработените, контракторите и посетителите за пријавување на небезбедни ситуации и предлагање на мерки за подобрување на условите за работа и престој поврзани со безбедноста и здравјето.

**Врвното раководство на компанијата се обврзува дека сите вработени и контрактори, во своите секојдневни обврски, ќе работат во согласност со имплементираните процедури кои се дел од Интегрираниот Систем за Управување на компанијата и за истото ќе ги обезбеди сите неопходни ресурси.**

**Генерален Директор**
**Игор Давков**________________
**Датум: 05.05.2025**

ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ

**EGM-MN-QSE-03.rev1**